Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Shenja arkivore:______
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:______
______20____година / viti
Потпис / Nënshkrimi ______

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## ИП 1 бр. 57-32
## Датум: 12.05.2025 година

**1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-Музеј на современата уметност - Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Самоилова“ бр.17– Скопје (Центар) | |
| Адреса за е-пошта/ Веб-страна/ | | |
| Телефон | (02) 3110 – 123 | |
| ЕМБС | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.04.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 08.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 05 и 06.05.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа - Музеј на современата уметност– Скопје **(во натамошниот текст: МСУ)** | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Дејности на музеите (шифра 91.02) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Самоилова“ 17, Скопје (Центар) | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Наредба бр. 57-32 од 25.04.2025 г. на министерот за култура и туризам (**во натамошниот текст: МКТ**).

**Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Маја Митревска, Виш инспектор – раководител на Одделението за инспекциски надзор при Секторот за управен и инспекциски надзор во МКТ, во присуство на Дарко Ациевски, помошник – инспектор.

**5.) Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет:** Инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр. 265/2024") поради изразени сомневања од неправилности при донесување на нацрт-годишната програма за работа на установата за 2022, 2023 и 2024 година, за донесувањето на Годишната програма за работа на установата за наведениот период, годишните наративни и финасиски извештаи за работа на установата, како и одредени неправилности од аспект на примена на одредбите од Законот за музеите („Сл. весник на РМ"66/04, 89/08, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015 и 39/2016 и „Сл. весник на РСМ" бр. 103/21), како и подзаконските акти – Правилници за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација („Сл. весник на РМ" бр. 72/2006), Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети („Сл. весник на РМ" бр. 35/2016) и Правилникот за регистарот на музејските копии, за образецот на сертификатот на музејската копија, за начинот на обележување на комерцијалната копија и репродукцијата на музејските предмети („Сл. весник на РМ" бр. 72/2006).

**Основ:** член 82 став (1) од Законот за културата и член 44 став (1) од Законот за музеите, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор.

**6.) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не е** употребена листа за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задожителни при редовен инспекциски надзор: член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

**7.) За време на извршувањето на вонредниот инспекциски надзор, МСУ беше претставувано од:**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

8.) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа следните лица:

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Контакт податоци |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |

9.) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставниците на субјектот на надзор им ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и им ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

**10.) Во текот на вонредниот инспекциски надзор се констатирани следните состојби**

**<u>-Раководење со МСУ</u>**

10.1. Во период од м. октомври 2023 година заклучно со денот на надзорот, со МСУ раководи в.д. директор, именуван со Решение бр. 44-9099/4 од 20.10.2023 г., на министерот за култура, на местото на
која што со Решение бр. 44-9699/3 од истиот датум на министерот за култура за престанок на мандатот, престанала да ја врши должноста директор на МСУ на нејзино лично барање.

Со Решение бр. 44-5272/1 од 16.04.2024 г., на министерот за култура, за в.д. директор на МСУ именуван е од редот на вработените со мандат до избор на директор на установата. Со Решение бр. 44-9482/1 од 28.10.2024 г. и бр. 44-4889/1 од 25.04.2025 г., на министерот за култура и туризам,
повторно е именуван за в.д. директор на МСУ.

**-Управување со МСУ**

**10.2.** Според презентираната документација, согласно со член 35 став (3) од Законот за културата, со Решение бр. 44-2264/3 од 03.03.2021 г., на министерот за култура за претседател на Управен одбор на МСУ е именуван од редот на истакнати поединци од областа на културата со мандат од 4 години. Додека, со Решение бр. 44-9036/3 од 16.07.2021 г., на министерот за култура за член на УО е именуван од редот на вработените во МСУ, а со Решение бр. 44-383/3 од 03.02.2022 г., на министерот за култура за член на УО од редот на вработените е именувана и

Конкретно, членот на Управен одбор именувана од редот на вработените во МСУ, за време траење на мандатот била и на неплатено отсуство врз основа на решение за неплатено отсуство заради стручно усовршување во странство сметано од 01.12.2023 година. МСУ поднел Барање за именување на член на УО бр. 03-481/1 од 19.09.2024 г., од редот на истакнати поединци од областа на културата, меѓудругото и за член на УО од редот на вработените наместо лицето

Со Решение бр. 44-8770/2 од 15.08.2022 г., на министерот за култура, за член на УО претставник од редот на локалната самоуправа, именуван е чијшто мандат сеуште трае.

Со Решение бр. 905/1 од 03.02.2025 г., на министерот за култура и туризам, разрешени се , претседател на УО од редот на истакнати поединци од областа на културата, и од редот на вработените во МСУ. Додека, со Решение бр. 44-905/2 од 03.02.2025 г., на министерот за култура и туризам, за претседател на УО од редот на истакнати поединци од областа на културата именувана е а за член Со истото Решение за членови на УО од редот на вработените именувани се и

**10.3.** Заклучно со м. март 2025 г., според платен список за исплатена плата, во МСУ во редовен работен однос на неопределено време, се вкупно 29 лица вклучително и директорот, а еден вработен користи неплатено отсуство.
Инспекцискиот надзор е започнат на 29.04.2025 г., во 8:30 часот во деловните преостории на МСУ. Во наведениот временски период во МСУ од страна на инспекторите освен вработениот којшто е ангажиран со Договор бр. 03-143/2 од 28.04.2025., за извршување на работни задачи – друг работник за

прием на посетители, на своето работно место беа затекнати и вработени на работно место хигиеничари (чиешто работно време е од 7:30 до 15:30 часот), , виш кустос конзерватор, документатор и документатор.

До 09:00 часот на работното место пристигнаа виш кустос, виш кустос и кустос. Останатите вработени во МСУ, на своите работни места пристигнуваа по 10:00 часот иако работното време во МСУ започнува од 8:30 часот, а завршува во 16:30 часот.

За потребите на инспекцискиот надзор од страна на инспекторите беше побарано да се направат исписи од електронскиот систем за евиденција на работното време на вработените во МСУ, почнувајќи од денот на надзорот па наназад за месец април, пришто утврдено е дека системот не е во функција. Видно од направените исписи, освен име и презиме на вработените, на исписите нема евидентирано датум и време на доаѓање и одење од работа, односно полињата се празни и од тие причини нема можност да се утврди колку часови поминуваат на работно место вработените во МСУ.

При инспекцискиот надзор, од увидот во презентираниот платен список утврдено е дека лицето користи неплатено отсуство заради стручно усовршување во странство врз основа на Решение бр. 04-588/2 од 17.11.2023 година, донесено од директорот.

<u>Закон за културата 2022 година</u>

**10.4.** Во 2021 година, МСУ до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2022 година под бр. 01-338/1 од 25.06.2021 г., којашто е разгледувана и усвоена на седница на УО одржана на 23.06.2021 г., а потоа со Одлука на УО бр. 02-331//3 од 23.06.2021 г., е дадена и потребната согласност за истата.
Во образецот за Нацрт - годишната програма на Националната установа за 2023 година во предвидените програмски активности, меѓудругите наведен е проектот – Претставување на дела од колекцијата на МСУ, Скопје во Kunsthalle Wien за чијашто реализација се побарани средства од МК во износ од 636.000 денари.

Во апликацијата - Образец за проект од областа на меѓународната дејност, заведен под бр. 01-338/31 од 25.06.2021 г., доставен е и наративнен опис за целта и концептот на проектот, односно унапредување на дотогашната соработка со

партнерите – кураторскиот колектив WHW (What, how&for Whom) од Kunsthalle во Виена кои воедно биле и раководни лица на институцијата, проширување на соработката со други партнери и институции на билатерално и мултилатерално ниво, како и претставување на дела од интернационални автори на изложба пред македонската публика во МСУ, Скопје.

Врз основа на Решение бр. УП1 31-143/2021 од 03.02.2022 г., на министерот за култура за прифаќање на проекти, содржани во нацрт-годишната програма за работа на НУ – МСУ, Скопје за 2022 г., доставена до МК, за проект од национален инстерс во културата за 2022 година од областа на меѓународната дејност, прифатен е Проектот - Претставување на дела од колекцијата на МСУ, Скопје во Kunsthalle Wien, Виена Австрија, за којшто се одобрени средства во износ од 626.000 денари, а за што со МК се склучени Договор бр. 33-1298/1 од 04.02.2022 г., Анекси на Договорт бр. 33-1298/7 од 10.05.2022 г., (во којшто датумот за реализација на проектот е пролонгиран од 31.12.2022 за 30.04.2023 г.), бр. 33-1298/11 од 13.10.2022 г., и бр. 33-11327/3 од 09.11.2022 г., (со кој што дополнително се додадени ставки за намените и тоа: хонорари за конзерватори и надворешни соработници, материјали за конзервација на дела, врамување на дела, патни и дневни трошоци во Скопје, патни и дневни трошоци и трошоци за сместување во Виена, трошоци за сместување на уметници во Скопје, превод на материјали и организациски трошоци).

Во доставениот Образец бр. 05-853/1 од 16.12.2022 г., за наративен и финансиски извештај за реализација на Проектот од страна на одговорниот кустос е наведено дека „делата од колекцијата ќе бидат ставени во дијалог со дела од светски современи автори од меѓународната сцена“ **меѓу кои и [redacted] тогашен претседател на Управен одбор и [redacted] (според изјавата на присутните лица, негова сопруга) и дека всушност трошоците направени за проектот се подготвителни активности за изложбата во април 2023.** Имено, наведено е дека „реализирани се сите потребни припреми за опремување, заштитна конзервација и чистење и врамување на селектираните дела од колекцијата“.

Видно, претседателот на УО, [redacted] ја потпишал Одлуката на УО, за усвојување на вака донесената Нацрт- годишната програма за работа на НУ – МСУ за 2022 година.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**2023 година**

-МСУ до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 01-461/1 од 28.06.2022 г., и за која што со Одлука бр. 02-455/3 од 27.06.2022 г., е дадена потребната согласност. Записник од седницата на УО на којшто е усвоена оваа Одлука не е презентиран при инспекцискиот надзор.

-Во образецот за Нацрт- годишната програма на Националната установа за 2023 година во предвидените програмски активности, меѓудругите наведени се **проектот – Откуп на уметнички дела за колекцијата на МСУ од уметникот** за којшто се побарани средства од МК во износ од 906.000 денари како и **проектот – Претставување на дела од колекцијата на НУ-МСУ, Скопје во Kunsthalle Wien и МСУ**, Скопје, за чијашто реализација се побарани средства во износ од 787.500 денари.

Во прилог на апликацијата - Образец за изложби, перформанси и видеопрезентации и сл., заведен под бр. 01-461/19 од 28.06.2022 г., доставен е и наративен опис за целта и концептот на проектот, за WHW (What, how&for Whom) како кураторски тим како и за уметниците избрани да учествуваат со свои дела меѓу кои и **тогаш актуелен претседател на Управниот одбор на МСУ и** а за коишто во делот од апликацијата којшто се однесува на хонорари е предвидено и исплата на износ од 140.000 денари за хонорари за учесниците на изложбата.

Видно, претседателот на УО, ја потпишал Одлуката на УО, за усвојување на вака донесената Нацрт- годишната програма за работа на НУ – МСУ за 2023 година.

Врз основа на Решение бр. УП1 31-154/2022 од 02.03.2023 г., на министерот за култура за прифаќање на проекти, содржани во нацрт-годишната програма за работа на НУ – МСУ, Скопје за 2023 г., доставена до МК, **Проектот – „Откуп на Уметнички дела за колекцијата на МСУ од уметникот од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријално културно наследство е ОДБИЕН.**

Додека, **прифатен е проектот** „Претставување на дела од колекцијата на МСУ, Скопје во Kunsthalle Wien и МСУ" од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности архитектура и дизајн за 2023 година, а за што со МК првично е склучен Договор бр. 23-2415/1 од 07.03.2023 г., со којшто за овој проект се

одобрени средства во износ од 500.000 денари, за потоа со Анекс на Договорот бр. 23-4047/3 од 19.04.2023 г., (по Барање од МСУ за пренамена на средства бр. 05-172/1 од 24.03.2023 г., и Извештајот на Комисијата бр. 23-1382/2 од 28.03.2023 г. за давање согласност за пренамена) овие средства да бидат пренаменети за проектот Меѓународна изложба „Се што ни е заедничко“ со што се брише точката 1.4. од основниот Договор, односно Проектот „Претставување на дела од колекцијата на МСУ, Скопје во Kunsthalle Wien и МСУ“ во 2023 година не е финасиран од МК.

Понатаму, со останатите Анекси на Договорот бр. 23-2415/5 од 28.07.2023 г., и бр. 23-4047/5 од 28.12.2023 г., се менува вкупниот износ на финансирање на програмските активности од 2.500.000 денари во 2.142.000 денари.

**Според изјавата на присутните лица, одговорни кустоси во МСУ, сепак Проектот - „Претставување на дела од колекцијата на МСУ, Скопје во Kunsthalle Wien и МСУ“ е реализиран, но за истиот не се направени трошоци од Буџетот на РСМ (за што е направен и увид во сметководствената евиденција што се води во МСУ), туку истиот е целосно финасиран со средства на WHW (What, how&for Whom) кои што со горепосочените уметници, учесници со свои дела на изложбата, склучиле посебни договори за регулирање на правата и исплата на хонорари, а за коишто МСУ нема увид.**

**Од тие причини, Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ преку Допис испратен по е-маил на 05.05.2025 г., се обрати до WHW (What, how&for Whom) со барање за доставување на одредени податоци во врска со склучени договори со дуото и за учество во реализацијата на овој проект. На 09.05.2025 г., добиен е одговор од горенаведениот субјект во којшто наведуваат дека се склучени соодветни договори со цитираните уметници и изразуваат свој став за бараните податоци и информации.**

<u>2024 година</u>

-Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, МСУ до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2024 година под бр. 01-356/1 од 28.06.2023 г., усвоена на седница на Управниот одбор, одржана на 26.06.2023 година и за која што со Одлука бр. 02-353/3 од 26.06.2023 г., е дадена потребната согласност.

-Во образецот за Нацрт- годишната програма на Националната установа за 2024 година во предвидените програмски активности наведен е проектот – Ниту едно чувство не е конечно-Солидарна колекција на МСУ, Скопје за чијашто реализација се побарани средства од Буџетот на РСМ преку МК во износ од 8.002.554 денари.

Во описот од наративниот дел на апликацијата за овој проект насловен како „Ниту едно чувство не е конечно-Скопска колекција на солидарноста" се наведува дека всушност претставува финална фаза на реализација, односно заокружување на изложбата во престижниот простор Кунстхале во Виена одржана во април 2023 година, (на којашто од вкупната уметничка колекција на МСУ која брои околу 5.500 дела, виенската публика имала можност да види вкупно 94 дела како и 50 дела од современи уметници коишто и биле достапни на македонската јавност), со изложба и заедничко претставување на двете институции во МСУ, Скопје

Исто така, наведено е дека овој проект – изложбата во МСУ во Скопје ќе се совпадне содржински и идејно со одбележувањето на јубилејот „60 години од поестоење на НУ-МСУ, Скопје" којштo потсетува на чинот на солидарност на дарување на вреден капитал од над 1.900 уметници – донатори од 70 земји од светот, по повод катастрофалниот земјотрес во Скопје на 26 јули 1963 година, порадишто е побарана финасиска поддршка за овој проект од МК.

Меѓудругото, во апликацијата - Образец за изложби, перформанси и видеопрезентации и сл., заведен под бр. 01-356/17 од 28.06.2023 г., во делот „кратко образложение на проектот" се наведени и уметниците (вкупно 6) кои се поканети да учествуваат на изложбата меѓу **кои и дуото** **тогаш актуелен претседател на Управниот одбор на МСУ и** а за коишто во делот хонорари е предвидено и исплата на хонорари за учество на изложбата. Видно, претседателот на УО, гласал и ја потпишал Одлуката на УО, за усвојување на Нацрт- годишната програма за работа на НУ – МСУ, Скопје за 2024 година.

Врз основа на Решение бр. УП1 31-646/2023 од 08.02.2024 г., на министерот за култура за прифаќање на проекти, содржани во нацрт-годишната програма за работа на НУ – МСУ, Скопје за 2024 г., доставена до МК, **прифатен е проектот** „Ниту едно чувство не е конечно. Солидарна колекција МСУ" од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности архитектура и дизајн за 2024 година, а за што со МК се склучени Договор бр. 23-3557/1 од 13.03.2024 г., Анекс на Договорот бр. 23-3557/5 од 10.07.2024 г., (со којштo се менува називот на проектот во „Инверзија на колекцијата" со согласност на стручната Комисија од областа на

визуелните уметности, архитектура и дизајн на МК бр. 23-5387/2 од 13.06.2024 и 23-5385/2 од 13.06.2024 г.,), и Анекс на Договорт бр. 23-3557/29 од 31.12.2024 г., (со којшто повторно се менува називот на Проектот во „Прекршено време. И светот се пресоздава од тоа што го заборава" со согласност на стручната Комисија од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн на МК бр. 23-3557/19 од 29.11.2024 г.,) за финасирање на наведениот проект за што се одобрени средства во износ од 1.085.597 денари.

Имено, со Допис бр. 03-211/1 од 19.04.2024 г., на МСУ, побарана е промена на називот на проектот „Ниту едно чувство не е конечно. Скопска колекција на солидарноста" во „Инверзија на колекцијата", поради известување за повлекување на кураторскиот тим одговорен за реализацијата на овој проект во состав директорка на Кунстхале, Виена, и од материјални мотиви, односно недостиг на финасиски средства за реализација на Проектот.

Сепак, кураторскиот тим при МСУ, независно од повлекувањето на иницијалниот тим од WHW, останува на ставот да го реализира проектот со зачувување на структурата и концептот на изложбата, но со промена на одредени уметници коишто излегуваат надвор од финасиската рамка, така што со промена на називот на проектот во „Инверзија на колекцијата" (работен наслов), и со изложување на дела од колекцијата на МСУ како и на дела од современите уметници, проектот ќе се реализира во рамките на одобрените финасиски средства од МК.

Согласно со последниот Анекс на договорот, Проектот е реализиран под називот „Прекршено време. И светот се пресоздава од тоа што го заборава", изложба одржана на 28.11.2024 г., за што е изработен и каталог.

Во однос на предвидените средства за исплата на хонорари за уметниците дуото **тогаш актуелен претседател на Управниот одбор на МСУ и** наведени во апликацијата - Образец за изложби, перформанси и видеопрезентации и сл., заведен под бр. 01-356/17 од 28.06.2023 г., според презентираната сметководствана документација и евиденција што се води во МСУ, како и доставениот Годишен Извештај за работа на Установата бр. 05-52/1 од 31.01.2025 г., утврдено е дека не им се исплатени средства за хонорари на овие лица, имајќи предвид дека не учествувале со свои уметнички дела во овој формат на изложбата одржана во МСУ.

**10.5.** При инспекцискиот надзор утврдено е дека во однос на обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, за донесување на Годишна програма за работа на установата од страна на директорот, по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од донесувањата на решението на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, МСУ нема постапувано по оваа законска обврска во повеќе години наназад, со што е сторен прекршок по член 70 став (7), а е казнив по член 91-а став (1) алинеа 6 и став (2) од ЗК.

**10.6.** МСУ постапувал по обврската од членот 70-б став (2) од ЗК, односно до МК во првиот квартал од тековната година за претходната година доставувал извештаи за реализација на годишната програма за работа на установата со наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства , договори, сметки, фактури и конечен финасиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање. **Но иститe не се усвојувани од страна на Управниот одбор согласно со член 36 став (1) точка 3 од Законот за културата според којшто УО на НУ „го усвојува годишниот извештај за работа на установата по предлог на директорот".**
При надзорот на увид се презентирани Финансиски извештаи за 2022, 2023 и 2024 година.

<u>Закон за музеите</u>

**10.7.** Последен редовен инспекциски надзор од аспект на работењето на МСУ согласно со одредбите од Законот за музеите и Правилниците е извршен во м. август и м. септември 2023 година, за што е составен Записник ИП 1 бр. 57-61 од 07.09.2023 година. За утврдената неправилност при надзорот од инспекторот е донесено Решение со наредба ИП 1 бр. 57-61 од 19.09.2023 г., за отстранување на неправилноста во законски определен рок. При контролен инспекциски надзор извршен на 25 и 26.01.2024 г., со Записник ИП 1 бр. 57-61/2024 од 29.01.2024 г. од инспекторот е утврдено дека е постапувано по горецитираното Решение и преземани се активности за отстранување на неправилноста.

При извршените проверки во деновите на вршење на вонредниот инспекциски надзор е утврдено дека во **Книгата за изложби која што се води во Музејот како задолжителна музејска евиденција** согласно со обврската утврдена во **член 20 ставовите (1), (2) и (6) од Законот за музеите, за водење на основна музејската евиденција и музејската документација**, на начин пропишан согласно со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга,


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

книгата на инвентар, излезната книга, книга за изложби, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација, за реализираните постојни изложбени поставки, повремени и подвижни изложби во МСУ, и којашто се води се води во електронски облик, утврдено е дека се опфатени, односно евидентирани податоците за горенаведените изложби одржани во 2023 и 2024 година и тоа:

-под реден број 1116 во Книгата за изложби, евидентирана е изложбата насловена како „NO FEELING IS FINAL" - ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА МСУ, СКОПЈЕ, во Кунстхале во Виена, групна меѓународна изложба од колекцијата на МСУ, Виена Австрија, МСУ, Скопје и Kunsthalle Wien, Austria, 20 април 2023, Куратор: , Иложени 60 дела (11 македонски и 49 странски ликовни уметници);

- под реден број 1133 во Книгата за изложби, евидентирана е изложбата насловена како „NO FEELING IS FINAL" – НИТУ ЕДНО ЧУВСТВО НЕ Е КОНЕЧНО, групна меѓународна изложба од колекцијата на МСУ, Скопје (пренесена од Виена),CS, прага Чешка, НУ- МСУ-Скопје и НГ Прага, Р. Чешка, 23 март-29 септември 2024. Не се наведени делата и уметниците учесници на изложбата, изработен е каталог;

-под реден број 1151 во Книгата за изложби, евидентирана е изложбата ПРЕКРШЕНА УМЕТНОСТ. И СВЕТОТ СЕ ПРЕСОЗДАВА ОД ТОА ШТО ГО ЗАБОРАВА, групна меѓународна изложба од колекцијата на МСУ, Скопје, одржана во РСМ во НУ-МСУ, Скопје, ноември 2024-март 2025;

**10.8.** Во излезната книга на музејскиот материјал и музејските предмети, во која што се евидентира времено или трајно излегување на музејските предмети по различни основи (престанок на заштита, позајмување, размена, презентација, истражување и друго), а што се води во електронски облик, утврдено е дека е извршено евидентирање на излез на делата (м.предмети) за горенаведените изложби за коишто се направени исписи за потребите на инспекцискиот надзор, во коишто се наведени податоци за делата, инвентарен број, автор на делото, назив на делото, година на создавање, збирка, состојба на делото, за која изложба се изнесени, цел на излез, датум на излегување од МСУ (23.03.2023 г.), податоци за изнесувачот, податоци за примачот на делото број на полиса за осигурување, рок на враќање на делото (15.03.2024 г.).

**10.9.** Од увидот во инвентарната книга што се води во електронска форма во МСУ, утврдено е дека од меѓународните и националните збирки што ги поседува МСУ, евидентирани се близу шест илјади дела во сите уметнички медиуми, меѓу кои и

збирката на дела на уметникот , којашто според музејската евиденција на МСУ брои вкупно седум дела и тоа:

1. Назив на делото - Фенер од 1976 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр. 04582- донација;
2. Назив на делото - Цртеж 1 од 1975 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр. 04610 - откуп;
3. Назив на делото - Без наслов од 1981 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр. 04762 - откуп;
4. Назив на делото - Слика IV/85 од 1985 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр.03578 откуп;
5. Назив на делото - Без наслов од 1988/89 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр. 04977 донација;
6. Назив на делото - Без наслов од 1992 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр. 03842 - донација;
7. Назив на делото - Портрет од 1999/2000 година со Инвентарен број НУ МСУ- Скопје бр. 04156 - донација;

Последна самостојна изложба на уметникот според Книгата за изложби, била одржана во март 2001 година, со дела коишто не биле дел од збирката, односно колекцијата на МСУ. Притоа на изложбата биле изложени 8 дела и тоа:

1. Портрет 2000,
2.Портрет 1999/2000,
3.Портрет 1999,
4.Слика 1998,
5.Слика 1999,
6.Слика 2000,
7.Слика 1998/2000 и
8.Слика1998/2000.

По завршувањето на изложбата, со оглед дека делата не биле преземени од страна на уметникот, од стручните лице во МСУ, биле сместиле во посебно депо во коешто биле чувани и други дела што не се во сопственост на МСУ. Исто така, овие дела се евидентирани под реден број 80 во Книгата за чување на дела што не се во сопственост на МСУ.

Во исписот од оваа книга, направен за потребите на инспекцискиот надзор, наведено е дека, делото под реден број 6, односно „Слика 2000“, изработена во комбинирана техника на хартија 155x107, преку полномошно од авторот превземено од на 08.08.2024 година од просториите на МСУ, додека останатите 7 дела на авторот се сеуште на привремено чување во МСУ.

Имено, на увид беше презентирана и електронска комуникација помеѓу в.д. директорот на МСУ и , ќерка на која бара да и се дозволи на да го подигне горенаведеното дело од МСУ под реден број 6, заради откуп на истото, врз основа на полномошно од 17.08.2023 година.

Инаку, уметникот кој живее во Чикаго УСА, во повеќе наврати бил известен да ги подигне делата од самостојната изложба, бидејќи истите не се сопственост и МСУ нема обврска за чување на истите.

**-Утврдени се следните состојби во работењето на субјектот на надзорот (МСУ):**

1. При донесување на нацрт – годишните програми за работа на МСУ за 2022, 2023 и 2024 година, претседателот на Управниот одбор на седниците на Управниот одбор учествувал во усвојувањето на истите, меѓудругото и за проекти во кои тој и неговата сопруга требало да учествуваат, а ги потпишувал и одлуките на УО со кои се дава согласност на нацрт-годишните програми за работа на МСУ, Скопје за наведениот период.

2.МСУ, Скопје повеќе години наназад не постапувал по обврската од членот 70 став (7) од Законот за културата, односно директорите не ја донесувале Годишна програма за работа на Установата, по претходна согласност на Управниот одбор во рок од 15 дена од денот на донесување на решенијата на министерот за култура, за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа на установата, што е казниво по член 91-а став (1) алинеа 6 и став (2) од истиот Закон.

3.МСУ постапувал по обврската од членот 70-б став (2) од ЗК, односно за период 2022, 2023 и 2024 г., до МК во првиот квартал од тековната година за претходната година доставувал финасиски извештаи за реализација на годишната програма за работа на установата со наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финасиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање. Но истите не се усвојувани од страна на Управниот одбор согласно со член 36 став (1) точка 3 од Законот за културата според којшто УО на НУ „го усвојува годишниот извештај за работа на установата по предлог на директорот“.

**за гореутврдените неправилности, ќе бидат преземени следните мерки:**

-за утврдените состојби од точка 1, Записникот ќе биде доставен до Државната Комисија за спречување на корупцијата, заради утврдување на конфликт на интереси кај лицето претседател на Управниот одбор во период од 2021 до 2025 година;

-ќе биде донесено решение со наредба за т. 2 и 3, со коешто на субјектот на надзорот согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, ќе му биде определен рок за отстранување на горенаведените неправилности од аспект на примена на горенаведените одредби од Законот за културата;

-во однос на точка 2 за сторен прекршок по член 70 став (7) од Законот за културата, а што е казнив по член 91-а став (1) алинеа 6 и став (2) од истиот Закон, односно за недонесување на Годишна програма за работа на установата на начин и во постапка утврдени со ЗК, во согласност со член 91-в ставови (1), (2) и (3) од Законот за културата, а во врска со Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ" бр. 96/19), ќе биде изречен прекршочен платен налог на сторителот–одговорно лице во правното лице НУ-Музеј на Современа уметност од Скопје, за плаќање на глоба за сторен прекршок, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка.
**Прекршочниот платен налог е составен дел од овој Записник.**

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор. Записникот е составен во 4 (три) еднакви примероци, од кои 2 (два) за потребите на Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ, а еден примерок за МСУ.

11. Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки .

12.Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Маја Митревска Виш инспектор |
|---|---|---|---|
| Датум: | ____.05.2025 г. | Датум: | 12.05.2025 г. |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - MUZEU I ARTIT BASHKËKOHOR
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 22.05.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 03 | 2524 | 8л. | |

Архивски знак ______
Рок на чување ______
______ 10 ______ година
Потпис ______



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk